РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 07-84/3
31.07 20 17 год.
Радовиш

07-2045

# ЗАПИСНИК

Од 33 седница на Советот на општина Радовиш одржана на ден 21.12.2010 г. (вторник) со почеток од 11,00 часот во салата за состаноци во зградата на општина Радовиш.

Присуствуваат 19 членови на Советот на општина Радовиш. На седницата присуствува и градоначалникот на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков, Благој Лукаров, Ангелов Ѕвонко, Димитар Ристов, Перо Трајанов и локалните медиуми ТВ Кобра и ТВ ЕМИ.

Претседател на Совет на општина Радовиш Сашко Николов го даде на усвојување предложениот дневниот ред.

Советот едногласно го прифати дневниот ред.

- Усвојување на Записник од 31 седница.
- Усвојување на Записник од 32 седница.

1. Советнички прашања;
2. Информација за состојбите со шумскиот фонд во општина Радовиш .
3. Предлог-Програма за јавно осветлување во општина Радовиш за 2011 год.
4. Разгледување на Годишната програма за работа во 2011 год. на ОНБ"Браќа Миладиновци"-Радовиш
5. Разгледување на Годишната програма за работа во 2011 год. на ОУ ЦК"Ацо Караманов"-Радовиш
6. Програма за јавна чистота, во Радовиш за 2011 г.
7. Програма за паркови, зеленило и останати зелени површини во Радовиш за 2011 г.
8. Програма за одржување на гробишта за 2011 год.
9. Предлог-Програма за работа на Советот на општина Радовиш во 2011 год.;
10. Предлог- Програма за одбележување на празници и манифестации и за доделување на награди и признанија за 2011 година.
11. Донесува на Одлуката за наградување на ученици и ментори во учебната 2009/2010 год.
12. Предлог-Одлука за распределба на средствата од буџетот на општина Радовиш за 2010 г.
13. Предлог-Одлука за измена на Одлукита за давање гаранција за задолжување на ЈП Плаваја Радовиш бр.07-1951/1 од 29.11.2010 год.
14. Предлог-Одлука за измена на ценовникот на услуги на ЈП Плаваја бр. 0202-96/2 од 24.02.2009 год.
15. Предлог-Решение за разрешување на членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Ацо Караманов" - Радовиш
16. Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Ацо Караманов" - Радовиш
17. Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

- Усвојување на Записник од 31 седница.

  Советот едногласно го прифати записникот од 31 седница.
- Усвојување на Записник од 32 седница.

Советот со 19-ЗА го прифати записникот од 32 седница.

Точка 1
Советнички прашања;

Митко Стефанов
1. Дали има сознание локалната самоуправа дека с. Дамјан нема две недели водфа за пиење дали нешто е преземео и до колку е преземено што е преземено?
2. На потезот на улиците од Бел Камен и Гоце Делчев се жалат граѓаните дека два месеци нема улично осветлување? Дали се работи и дали ќе се стаса до тој дел.

3. Околу наплатата на уличното осветлување надвор од градот по течењето на реката планината Плачковица? Граѓаните се имат обраќано и поединечно и групни барање се обра до советот и согласно законот да донесеме одлука за ослободување. Јас не се среќават дали тоа барање сме расправале меѓутоа видов одговор од советот , јас се оградувам од ваков одговор. Само поради една реченица: Доколку не сакате да плаќате поднесете барање до ЕВМ и откажето го броилото и ќе немате обврска да плаќате такса. Граѓаните не заслужват таков одговор. Мислам дека често пати добиваме одговори дека нема основ за ослободување дека тоа е со закон кажано. Ќе се послужам со два документа кои случајно ги добив. Потврда од градоначалник на општина Штип Зоран Алексов. Врз основа на констатирата состојба на лице место се ослободува од плаќање на Комунална такса за јавно осветлување за КП со причини што се наоѓа 20 километри од Штип.
Градоначалникот на општина Свети Николе Роберт Ѓорѓиев доставува Одлука на Советот за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување 14 населени места од општина Свети Николе. Може да ги доставам и треба и ние таква одлука да донесеме.

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
Третото прашање е дистабилно и вие треба да се произнесете и каква одлука ќе донесете јас сум должен да ве подржам.
Информиран сум за село Дасмјан дека е украдена трафостаницата од местото и е однесена. Ние испративме информација да преземат одредени мерки. Ние како општина немаме ингеренции врз трафостаницата и ние барав решение од ЕВН.
Многу улици се без улично осветлување, остана вие советниците да го одберете Одборот за јавно осветлување на терен работи избраната фирма и надзорот и сум доста вознемирен бидејки не се замени сијалиците. Разговарав и со претседателот на одборот за улично осветлување и добив информација дека се работи на терен. Околу наплатата како што кажав уличното осветлувањекаде што нема и е надвор од градежниот опфат а се работи за диво градби спремен сум да ја подржам одлуката.

Митко Стефанов
Вие предлагате ако донесеме таква одлука вие ќе ја подржите. Знам дека луѓето што имат два струјомера да плаќат две такси и мислам дека треба да одма ја донесеме одлуката.

Сашко Николов
Размислувавте дека треба да ја ставите на дневен ред точката меѓутоа закаснивте со предлогот бидејки дневниот ред беше усвое. Во однос на поставенот прашање треба да ние разговарама како совет и таа одлука не е едноставна и треба да се подискутира и да се поразмисли по истата. Одговорот што го имам дадено е мислење на одборот за улично осветлување и ќе видете дека одборот го има разгледано барањето и има донесено Заклучок. Мојот одговор до граѓаните е цитирање на Заклучокот. И мислам дека треба да се постави прашањето и да се анализира од повеќе аспекти пред донесувањето на Одлуката. Донесените одлуки од други општини вие добро го цитиравте заклучокот дека во тие населени места немаат улично осветлување за наша среќа и на граѓаните на општина уличната мрежа е распространето на сите населени места и на планината Плачковица и имаме поставено мрежа н за улично осветлување. Се надевам дека најголем дел од барањата се од викенд населбата на Плачковица и со Законот за легализација на дивоградбите каде Министерството за транспорт и врски преку трибини го се надевам дека и општината ќе биде домаќин на трибина со која ќе ги анимираме граѓаните да ги легализират објкектите за да можеме да излеземе во пресред на сите барања. Останува и апелирам до вас ако вие не го сторите тоа да нашата советничка група и јас како претседател да го поставиме тоа прашање на дневен ред и заеднички донесеме Одлука како ќе постапуваме.

Митко Стефанов
Вие ако сте имале намера требало да го поставите а ние веќе три месеци дискутираме за тоа и не се секирам зошто пред седницата не е поставено прашањето, бидејки вие имате одговор мене ме чуди тоа што вие одговарате во име на комисијата, а комисијата има претседател и оваа е

ср по барање од 13.08.2010 потпишано од 20 граѓанидо Советот на општина Радовиш. ;де не се спомнува дека одборот одлучувал по нивното барање. Ние инсестираме да се стави ,наредната седница.

Билјана Теохарева Филипова (Процедурално)
Советничкат група наСДСМ на предходната седница постави прашање за село Јаргулица, вие едногласно го одбивте. Зошто да поствауваме прашање кога вие едногласно го одбивате. Инициран е проблемот од наша страна а сега вие викате дека ќе го решите проблемот или вие ќе го иницирате проблемот. Да знаете дека СДСМ го постави проблемот, да не навлегуваме тоа дека советот не го гледало барањето а има потпис на претседателот на Советот. Ако одборо донесел заклучок нека се потпише претседателот на одборот. Зошто од името на советот. Значи од причина што не ги прифаќате нашите точки сите точки ќе одат како советнички прашања. Видовте што се случи со Јаргулица. Сега имаме проблем со тутунот гледате што се случува. Кога ќе разговараме за тоа ние ќе ги поставуваме советничките прашања.

Марина Митева
1. Патот Ораовица Радовиш кај Раклишите гробишта имаме понирање на топлата воида и од ниските температури имаме понирање на водата.

Благој Лукаров
Проблемот со топлата вода не е во наша надлежност ние исистиравме да го решиме и добивме забрана од инспекторот за патишта. Сега побаравме од општината да ни одобрат да вршиме градежни работи. Со одобрување на барањето и кога ќе добиеме дозвола ќе го решиме проблемот.

Милевка Ѓорѓиева
1. Дали се планира поплочување на тротоарите пред зградата на основниот суд во Радовиш?
2. Од неодамна имам поставено прашање за висината на фирмарината. Дали има граѓаните добиено одговор за висината на фирмарината?
3. До каде се состојбите со изградбата на новиот пазар трогвски центар?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
Една сугестија до сите советници и сега се подготвува планот за наредната година и каде имате увид и каде треба улица или тротоар и треба да влезе во програта треба да го предложите да влезе во програмата за да се најдат средства и наредната година се изгради.
На мое инсестирање да сите тротоари секаде каде е можно да бидат внесени во програта.
2. Знам дека имаше и доаѓа правни лица незнам до каде е постапката и беа преупатени до даночното оделение бидејки не се дојдени пак значи имат добиено одговор.
3. Околу покриениот пазар стапивме со една консултанска куќа и сме активно со таа куќа и беше прашање дали да го продаваме земјиштето или на 99 години и се договоривме да биде на 99 години, бидејки ако еднаш се продаде и еднаш ќе има корист општината. Финалната верзија повторно ќе биде на увид и ќе бидат поканети сите граѓани и моја заложба да до крајот на мандатотсечиме лента и го отвориме зелениот пазар во куклевица.

Кирил Матрапазов
1.Колкава е концесите што ја плаќа рудникот Бучим према општината?
2. Улицата Ана Поцкова од крак ул. Јавор до Св.Спасо радовишки, кога ќе се започне со тампонирање и асфалтирање на улицта?
3. Колкави се седства што се доделуват за украсување на градот Радовиш и дали градоначалникот е задоволен од изведувачот?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
Висината на Концесискиот надоместок ќе го имате написмено и со сигурма цифра не може да ви кожам овој момент и надоместокот за 2010 година не е исплатен. Бидејки со обврзници го плаќа

надоместокот на Министерството за економија и повратно немаме и ќе бидат планира. Буџетот за 2011 година и ќе биде направен план на нивно трошење.
Ана Поцкова во тек е средувањето на инфратерруктурата и проблемите со временските услови овој период и останува парцијално да се средува тампонира и со распишување на тендерот к. продолжи да се тампонира и асфалтира.
Украсувањето на градот оди према планот и вие предвидовте 300-350.000 денари и украсувањето е такво и беше формирано комисија за кој елементи да бидат поставени, а оние кои имат замерка за наредната година нека предложат други украси бидејки тие се со ЛЕД диоди и ќе бидат трајни.

Ѓорѓи Атанасов
1. Дали има услови и можности да во првиот квартал на годината да бидезавршена канбализацијата во Јаргулица и Покрајчево и биде дадена во употреба?
2. дали дефинитивно можат да се разрешат проблемите со населените места да се донесе одлука да се собира сметот и да се исчистат депоните?
3. Игралиштето во училишниот двор во с.Јаргулица кој го прави, од каде средства и дали личи на игралиште?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
1.Канализацијата е делумно изградена меѓутоа за одржувањето на канализацијата се грижеше Јавното претпријатие без добивање на средства.Јас би настојувал да се склучат договори за одржување на мрежата за да се собират средства. Знаете дека добивме возило за да може да ги чистиме тие канализации. Би настојувал да се склучи договор со јавнот претпријатие.
2. Подолжо време се разговара за собирањето на сметот и чистењето на дивите депони и се дојде до став да се издвојат средства од буџетот на секое домаќинство за да може јавното претпријатие може да го собира сметот. Ние како регион сме во една најнапредна фаза, можеби сме пред избор на фирма и очекуваме април-мај да ја избереме и да се создадат подруги услови околу собирањето на сметот.
3. Министерството за образование и наука е инвеститор и ќе биде за потребите на училиштето.

Ѓорѓи Атанасов (реплика)
Јас сум делимично задоволен од одговорот бидејки прашањата се решливи. Канализацијата се граде 12-13 години и водоводот е на 20-30 метри од реката каде сите канализации истекуват во реката. Треба да се фатиме за проблемот и да го решиме.
Слагам се и со тоа само да видите дека непотребно е зафатен кругот на училиштето.

Сашко Николов
1. Владата на Рмакедонија и Министерството за транспорт и врски прави напори за решавање на проблемите од инфраструктурата и од страна на Министерството бса спомнувани средства одвоени за таа цел. Дали општина Радовиш ќе добие средства за изградба на локални патишта и кои патишта ќе бидат опфатени со тие средства?
2. Проблемите со фекалната и атмосферската канализација и во таа насока Министерството и Владата одобруваат средства и дали општина Радовиш ќе биде опфатена и кој населени места ќе бидат опфатени?

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
- Владата на Рмакедонија согласно критењриумите и методологијата која ја има направено и покрај барањата општинаРадовиш за локални патишта има добиено околу 900.000 евра. Вие донесовте одлука да и некои улици бидат локални патишта и знаете дека донесовте приоритет и тоа, пат за Јаргулица дел од Светска и Европска банка, Ораовица, Коџа Баир, ул. Плачковица и с.Штурово. Има проект за Смиљанци и е во приоритетите.
- Од минатата година започнавме со изградбата на канализации во населените места кои се во функција имаме проекти кои ќе бидат поднесени при првиот повик во Министерството, а реализцијата да биде летоска. Владата и Министерството одобри за општина 914.000 евра.

Точка 2
.ормација за состојбите со шумскиот фонд во општина Радовиш .

Митко Стефанов
Само едно прашање дали има норматив на одредена површина хектар колку садници може да се засадат високо стеблесни садници.

Ѕвонко Атанасов
Не постојат нормативи а може да се засадат на голини од 1.000 до 4.000 садници, а во насадите одиме до 2.000 садници.

Советот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ВОЗДРЖАНИ ја прифати Информација за состојбите со шумскиот фонд во општина Радовиш .

Точка 3
Предлог-Програма за јавно осветлување во општина Радовиш за 2011 год.

Митко Стефанов
Програмата ја имаме добиено и ја имам разгледано и не се мали средства ако се работи добро и одговорно градот ќе свете како што свете центарот за нова година. Во очи ми паѓа потрошена електрична енергија 7.000.000 денари, за одржување 2.000.000 денари средства за реконструкција 4.400.000 денари и 100.000 денари за новогодишно украсување. Мене ме интересира дали комисијата има трошкови или работи бесплатно и од кој средства се плаќа. дали овде е уклопено или од друга ставка ја плаќа општината.

Градоначалник на општина Радовиш Д-р. Роберт Велков
Плаќањето на одборот е од друга ставка. Денес или утре пред собранието поставуваме ново осветлување ЛЕД осветлување и сакам да го посетите и дадете одговор и ќе биде најекономично со 70 % заштеда и за наредната година да ми дадете одговор и да размислуваме за наредната година да ја опфатиме општината која ќе носи заштеда.

Советот на општина Радовиш со 12-ЗА и 7-ПРОТИВ ја прифати Предлог-Програма за јавно осветлување во општина Радовиш за 2011 год.

Точка 4
Разгледување на Годишната програма за работа во 2011 год. на ОНБ"Браќа Миладиновци"-Радовиш

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Годишната програма за работа во 2011 год. на ОНБ"Браќа Миладиновци"-Радовиш

Точка 5
Разгледување на Годишната програма за работа во 2011 год. на ОУ ЦК"Ацо Караманов"-Радовиш

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Годишната програма за работа во 2011 год. на ОУ ЦК"Ацо Караманов"-Радовиш

Точка 6
Програма за јавна чистота, во Радовиш за 2011 г.

Лимонка Илиевска
Во врска со програмата имам една забелешка во врска за категоризацијата на улиците и мислам дека првата категорија се метат додека во улиците од втор ред дека еднаш неделно се метат јас

до сега немам забележано дека ни еднаш годишно не се метат. Имам една забелеш Плачковица ја ставиме во прв ред додека Мирче Ацев и Стоиме Трајков која е загаден отпадоците кои ги фрлат децата од основното училиште и предлагам да се ставаат во втор , додека Плачковица да се стави во прв ред.

Митко Стефанов
Кога дискутиравме по еден извештај имавме забелешка дека одредени улици треба да се стават и да се стави во послаб ред Илија Алексов е најотеретена во моментот. Директорот кажа ако дадете пари ќе ја метиме , тогаш да ја ставиме и еднаш месечно да се мети улицата Илија Алексов.

Благој Лукаров
Програмата е изработена од наша страна инаку треба да ја изработува општината . Нашите можности за улиците од прва категорија ги одржуваме. За улица Плачковица која е доста оштетена и не може да се чисти и колку може ја одржуваме. Го прифаќам предлогот на Стефанов за Илија Алексов и е доста оптеретена. Метењето може кога ќе се купи метачка. Ако вие оцените да се направи прераспределба на улиците од прва и втора категорија.

Лимонка Илиевска
Поради многу оштетеноста на улицата барем еднаш месечно да се мети и знаеме дека многу е потешко да се одржува нова улица отколку стара улица.

Благој Лукаров
Предлого го прифаќам ако се сложите вие како совет. Располагаме со човечки ресурси и мислам дека ќе одговориме на потребите.

Предлогот на Лимонка Илиевска да во прва категорија биде улицата Плачковица, а во втора категорија Мирче Ацев и Стоимен Трајков Советот на општина Радовиш едногласно го прифати.
Предлогот на Митко Стефанов да Илија Алексов биде во прва категорија Советот на општина Радовиш едногласно го прифати.

Советот на општина Радовиш едногласно ја Прифати Програмата за јавна чистота, во Радовиш за 2011 г.

Точка 7
Програма за паркови, зеленило и останати зелени површини во Радовиш за 2011 г.

Советот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ПРОТИВ ја прифати Програмата за паркови, зеленило и останати зелени површини во Радовиш за 2011 г.

Точка 8
Програма за одржување на гробишта за 2011 год.

Митко Стефанов
Донесовме одлука за одземање на ингеренците на ЈП Плаваја и дека понатаму ќе ги одржува јавното претпријатие дали значи дека и за наредната година не се планира во оваа година да се заврши оваа постапка и дали има рок во законот до кога да заврши и дали граѓаните ќе плаќат и дали приватната фирма ќе продолжи понатаму.

Оливера Долдурова Раководител Сектор за нормативно-правни, јавни дејности и општи работи
Овој закон беше одложен 2 години од неговата примена поради низа организациски работи и ни е даден рок од две години за усогласување на постапките се до моментот на определување на

гор со гробиштата. Меѓутоа и понатаму управител останува јавното претпријатие ЈП аја. Оператор и управител не може да биде едно исто лице. Очекуваме надлежностите да ни дат кажани и доставени од страна на државниот комунален инспекторат кој е надлежен за проведување на оваа постанка и законот не зависи од нас.

Советот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ПРОТИВ ја прифати Програмата за одржување на гробишта за 2011 год.

Точка 9
Предлог-Програма за работа на Советот на општина Радовиш во 2011 год.;

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА ја прифати Програмата за работа на Советот на општина Радовиш во 2011 год.;

Точка 10
Предлог- Програма за одбележување на празници и манифестации и за доделување на награди и признанија за 2011 година.

Советот на општина Радовиш со 19-ЗА ја прифати Програма за одбележување на празници и манифестации и за доделување на награди и признанија за 2011 година.

Точка 11
Донесува на Одлуката за наградување на ученици и ментори во учебната 2009/2010 год.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Донесува на Одлуката за наградување на ученици и ментори во учебната 2009/2010 год.

Точка 12
Предлог-Одлука за распределба на средствата од буџетот на општина Радовиш за 2010 г.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ја прифати Предлог-Одлуката за распределба на средствата од буџетот на општина Радовиш за 2010 г.

Точка 13
Предлог-Одлука за измена на Одлукита за давање гаранција за задолжување на ЈП Плаваја Радовиш бр.07-1951/1 од 29.11.2010 год.

Совстот на општина Радовиш со 11-ЗА и 7-ПРОТИВ ја прифати Предлог-Одлука за измена на Одлукита за давање гаранција за задолжување на ЈП Плаваја Радовиш.

Точка 14
Предлог-Одлука за измена на ценовникот на услуги на ЈП Плаваја бр. 0202-96/2 од 24.02.2009 год.

Ѓорѓи Манев
Сакам да ја поздрав одлуката на ЈП Плаваја за намалување на цената на тезга од 710 денари на 400 и непокриена 590 ќе биде 300 денари.

Советот на општина Радовиш едногласно ја прифати Предлог-Одлука за измена на ценовникот на услуги на ЈП Плаваја бр. 0202-96/2 од 24.02.2009 год.

Точка 15
Предлог-Решение за разрешување на членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Аџо Караманов" - Радовиш

Советот на општина Радовиш едногласно го прифати Предлог-Решение за разрешување членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Ацо Караманов" - Радовиш

Точка16
Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Ацо Караманов" - Радовиш

Билјана Теохарева Филипова
Сакам она што е донесено на Комисијата за еднакви можности иако и предходно беше доставено до градоначалникот уште еднаш да го посетиме дека членот што не е назначен во центарот мора да биде жена. Имавме дискусина на комисијата бидејки се разрешува жена а се назначува маж. Да не ја стопираме работата на комисијата се договоривме да го назначиме предложениот член.

Советот на општина Радовиш едногласно го прифати Предлог-Решение за именување на членови на Управниот одбор ОУ ЦК " Ацо Караманов" - Радовиш

Точка 17
Усвојување на Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш.

Советот на општина Радовиш со 18-ЗА ги усвои Извештаите од работните тела на Советот на општина Радовиш одржана на ден 21.12.2010 година :

-Комисија за месна самоуправа и граѓански иницијативи од 07.12.2010 год.;
-Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина од 15.12.2010 година;
-Комисија за мандатни прашања, избори и именувања од 15.12.2010 год.;
-Комисија за финансирање и буџет од 14.12.2010 година;
-Комисија за образование, спорт и култура од 13.12.2010 година;
-Комисија за награди и признанија од 13.12.2010 година;
-Комисија за за еднакви можности на жените и мажите од 21.12.2010 год.;
-Комисија за изготвување Програма за работа на Совет на општина Радовиш од 13.12.2010 година;

Со исцрпување на Дневниот ред, седницата на Советот заврши во 12.45 ч.

Совет на општина Радовиш
претседател,
Сашко Николов